**ЗДРУЖЕНИЕ НА РАКОМЕТНИ СУДИИ НА МАКЕДОНИЈА**

# С Т А Т У Т

- *пречистен текст* -

**ОКТОМВРИ 2024**

Врз основа на Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија“ број 52/10, 135/11, 55/16 и 239/2022 година) Собранието на Здружението на Ракометни Судии на Македонија одржано на 06 Октомври 2024 година изврши усогласување, измени и дополнување на Статутот на Здружението на Ракометни Судии на Македонија и со тоа го донесе пречистениот текст на

# С Т А Т У Т

# НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА РАКОМЕТНИ СУДИИ НА МАКЕДОНИЈА

## I - Општи одредби

### Член 1

Здружението на Ракометни судии на Република Македонија е здружение на граѓани настанато со доброволно здружување на ракометни судии на територијата на Република Македонија заради остварување и усогласување на своите интереси, вршење на активности во интерес на развојот на ракометната игра, при што посебно ќе се ангажира за регуларноста и доследна примена на правилата на ракометната игра на натпреварите во организација на Ракометната федерација на Македонија (РФМ) и Европската и Светската ракометна федерација (EHF и IHF).

### Член 2

Здружението на ракометни судии на Македонија како здружение на граѓани своите цели и задачи ќе ги остварува во согланост со Уставот на Републиката, во согласност со законски и подзаконски прописи на Републиката, овој стаутот како и во согласност со останатите правни акти од оваа област.

### Член 3

Називот на здружението е: ЗДРУЖЕНИЕ НА РАКОМЕТНИ СУДИИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (во понатамошен текст ЗРСМ).

### Член 4

Седиштето на ЗРСМ е во Скопје на Улица: „Кузман Јосифовски Питу“ бр. 15 (во просториите на ракометната федерација на Република Македонија).

ЗРСМ се организира и делува на подрачјето на Република Македонија.

### Член 5

ЗРСМ е правно лице, а правниот субјективитет го стекнува со упис во Централниот Регистар на Република Македонија.

ЗРСМ има свој печат и штембил.

Печатот има кружен облик на кој е напишан текст „Здружение на Ракометни судии на Македонија - Скопје“, а во средината на печатот се наоѓа знакот на свирка.

Штембилот на ЗРСМ е правоаголен со текст од претходниот став, со обележано место за број и датум.

ЗРСМ има амблем. Амблемот на ЗРСМ е во темно плава боја со знак на свирка во средината и знамето на Република Македонија во горниот дел, а категоријата на судијата е искажана со ѕвезди во подолниот дел.

**Член 6**

Здружението на ракометни судии на Македонија се здружува со Здружението на ракометни контролори, Здружението на ракометни тренери и со ракометните клубови поради настанување на Ракометната Федерација на Македонија се со цел остварување и усогласување на поединечните со општите и заедничките интереси во омасовувањето и развојот на ракометниот спорт, како и заради утврдување и изградување на меѓународна програма на ракометната спортска соработка и други програми од заеднички интерес. Здружението на ракометни судии на Македонија е единствена организација од таков вид која учествува во настанувањето на РФМ ѝ истата претставува репрезентативна организација на ракометните судии во Републиката.

**Член 7**

Своите членки, односно здружени права и должности, ЗРСМ ги остварува преку своите претставници во соодветни органи и тела.

Претставниците се избираат од редот на своето членство.

**Член 8**

ЗРСМ го претставува и застапува Претседателот.

## II – Јавност во работата

**Член 9**

Работата на ЗРСМ е јавна.

Јавноста во работењето се обезбедува со редовно писмено известување на членовите за сите облици на работење, со увид  во спроведувањето на програмските задачи, со поднесување извештај за работа на органите и телата на ЗРСМ, за материјално – финансиското работење и друго.

Во ЗРСМ може да се здружат и други здруженија на граѓани за што одлука донесува Собранието на ЗРСМ.

На првото наредно Собрание се врши верификација на новопримениот член.

Писмените известувања во врска со работењето на ЗРСМ може да се испраќаат во хартиена и електронска форма.

## III – Цели и задачи на ЗРСМ и начинот на нивното остварување

### Член 10

Членовите на ЗРСМ се здружени заради остварување на повисок заеднички интерес и како посебни задачи ги утврдуваат:

- Поттикнување, омасовување и развој на Ракометот;
- Унапредување на Ракометната игра со цел за поттикнување бројни спортски резултати и успешно претставување на Р.Македонија;
- Организира школување и усовршување на стручни кадри на здружението, преку школи, курсеви, семинари и предавања;
- Унапредување на судиите преку организирање и учество на семинари и советувања;
- Се грижи за здравствената заштита на судиите;
- Учество во усовршувањето на системот на натпреварувањево сите републички лиги;
- Развивање на соработка со други здруженија, претпријатија, со други сојузи, заедници и организации;
- Врши распределба на средствата за финансирање на програмата на ЗРСМ;
- Врши и други работи што произлегуваат од програмите, одлуките и заклучоците на органите на ЗРСМ;
- Извршува и други одговорни задачи;
- Врши годинишно осигурување на своите членови кое ќе биде активно за време на тековната сезона и ќе има важност само за официјалните натпревари.

## IV – Членувањето во ЗРСМ се заснова на следните принципи:

- Зачленувањето во ЗРСМ е на доброволна основа, а под услови предвидени со овој Статут;
- Член на ЗРСМ може да биде секој граѓанин на Р.Македонија;
- Членството во ЗРСМ се остварува со успешно положен испит и стекнување на категорија за Ракометен судија и редовно плаќање на годишна членарина по предлог на У.Одбор на ЗРСМ;
- Одлука за прием за членство донесува У.Одбор на ЗРСМ на своја седница;
- Член на ЗРСМ може да биде и лице со државјанство на друга држава ако има стекнато статус Ракометен судија, а под услов да со ниеден акт не е оспоруван таквиот статус. Лицето мора да живее на територија на Р.Македонија;
- Секој член на ЗРСМ има судиска легитимација која се издава врз основа на доставени податоци (оригинални документи), за секој поединец;
- За сите прашања значајни за ЗРСМ, за својата работа и унапредувањето на Ракометниот спорт, членките одлучуваат непосредно или преку органите и

комисиите во кои се избрани. Работата на сите органи и комисии се одвива во склад со јавното работење и личната одговорност.

## V – Потребни услови за основање на организациони единици (ограноци)

**Член 11**

Здружението на Ракометни судии може да организира – основа ограноци во форма на општински здруженија на градско локално ниво, зборови и секции на Ракометни судии;

За основање на локални градски здруженија – општински потребно е во градот или единицата на локалната самоуправа да живеат и активно работат најмалку 21 (дваесет и еден) судиии;

За основање на Ракометен збор или Ракометна секција во градот или единицата на локална самоуправа најмалку да живеат или работат најмалку 5 (пет) ракометни судии. Ограноците, секциите и зборовите може да имаат свои правилници, упатства за работа и други нормативни акти кои мора да бидат усогласени со Статутот на ЗРСМ.

## VI – Финансирање на ЗРСМ

**Член 12**

ЗРСМ за остварувањето на целите и задачите за работи наведени во Статутот, стекнува средства на следниот начин:

1. Од членарина;
2. Од донации;
3. Од трговски друштва;
4. Од спортски сојузи (РФМ, УС, МОК и други);
5. Од спонзори;
6. Други извори на средства.

**Член 13**

Користењето и располагањето на средствата на ЗРСМ добиени по основите од претходниот член се врши на начин утврден со закон и Статут.

**Член 14**

За користење и располагање со средствата одлучуваат органите на ЗРСМ согласно надлежностите утврдени со овој Статут.

**Член 14 а**

Во случај на престанок со работа на здружението после намирувањето на сите обврски останатата имовина (подвижна, недвижна, ствари, права) остануваат во сопственост на Ракометната федерација на Р.Македонија.

**Член 15**

Надзорниот одбор врши контрола на спроведувањето на одредбите на овој Статут и контрола за користење и располагање со средствата и приходите на ЗРСМ.

Своите наоди и одлуки Надзорниот одбор ги доставува до Собранието и У.Одбор на ЗРСМ.

**Член 16**

ЗРСМ донесува годишен финансиски план со кој се утврдуваат:

ПРИХОДИ:

- Од членарина
- Од донации
- Од трговски друштва
- Од спортски сојузи
- Од спонзори
- Други извори

РАСХОДИ:

- За активности на ЗРСМ
- За наменски фондови
- За материјални трошоци за работата на ЗРСМ

**VII – Управување со ЗРСМ**

**Член 17**

Членовите на ЗРСМ ги имаат следниве права:

- Рамноправно да учествуваат во работата на ЗРСМ
- Да предлагаат решенија од заеднички интерес
- Да ги усогласуваат своите ставови со другите членови на ЗРСМ
- Да избираат и бидат избрани во органите на ЗРСМ
- Да судат натпревари во зависност од својата категорија и степенот на натпреварувањето
- Да учествуваат во работата и донесувањето на одлуките во сите форуми на ЗРСМ
- За време на судење на натпревари да го носат судискиот амблем за својата категорија
- Да ги спроведуваат во живот одредбите на овој Статут.

**Член 18**

Членовите на ЗРСМ ги имаат следните задолженија (обврски):

- Да бидат редовни на состаноците со активно учество во реализирањето на програмата за работа

- Да плаќаат редовно годишна членарина
- Успешно да го положат тестот – лиценца за секоја натпреварувачка сезона (во рамки на ЗРСМ и пред комисија за стручни прашања при ЗРСМ)
- Да судат натпревари со доследна примена на правилата на Ракометната игра (првенствени, куп, МОИ, турнири и други)
- Да прата т стручна литература од обласа на правилата на ракометната игра со цел да го збогатат своето знаење
- Да поседуваат редовоно добра физичка подготвеност
- 2 (два) пати во текот на сезоната да вршат редовен лекарски преглед

**Член 19**

Членот на ЗРСМ е должен да одговори на сите задолженија кои пред него ги поставило Здружението.

**Член 19 а**

Престанок на членство во здружението на судии постои:

- Кога има грубо кршење на дисциплината и спортскиот морал
- Непочитување на одредбите на Статутот и другите акти на ЗРСМ
- Неплаќање на предвидената членарина
- Самоволно напуштање на ЗРСМ
- Одлуката за престанок ја донесува Собранието на Здружението со 2/3 мнозинство од вкупниот број на членови.

**VIII – Органи на здружението**

**Член 20**

Органи на ЗРСМ се:

1. Собрание
2. Управен Одбор
3. Надзорен Одбор

## СОБРАНИЕ НА ЗРСМ

**Член 21**

Собранието е највисок орган на ЗРСМ.

Собранието го сочинуваат сите членови на ЗРСМ.

Член (претставник) може да биде лице со место на живеење во Република Македонија.

**Член 22**

Седниците на Собранието ги свикува Претседателот на Собранието.

Седница на Собранието може да свика и Надзорниот одбор.

Начинот на свикување на Седниците на Собранието на ЗРСМ се определува со Деловникот за Работа на Собранието.

**Член 23**

Собранието на ЗРСМ полноважно одлучува ако се присутни повеќе од половината од вкупниот број на членови.

Собранието по правило одлуките ги донесува со мнозинство на гласови од присутните членови.

Работата на Собранието се уредува со Деловник за работа што го усвојува Собранието.

Седниците на Собранието вообичаено се одржуваат со физичко присуство.

Седнците на Собранието по потреба може да бидат одржан и онлајн, без физичко присуство.

**Член 24**

Во надлежност на Собранието на ЗРСМ е следното:

- Го донесува Статутот на ЗРСМ и врши негови измени и дополнувања на истиот
- Бира членови на У.Одбор со мандат од 4 (четири) години на предлог на на судиските зборови
- Бира Претседател на Собранието (Мандатор) со мандат од четири години (Претседателот на Собранието е воедно и Претседател на Управниот Одбор)
- Избира Надзорен одбор
- Избира Стручна комисија
- Избира 3 (три) делегати за Собранието на РФМ со мандат од 4 години
- Врши верификација на листата на кандидати за членови на Управниот Одбор
- Го разрешува Претседателот на Собранието
- Донесува одлуки за вкупното располагање со средствата и нивното оттуѓување според условите утврдени со Закон
- Донесува одлуки за здружување во РФМ и на други облици на здружување во земјата и странство
- Донесува финансиски план и усвојува завршна сметка на ЗРСМ
- Основа фондови и одлучува за нивното укинување
- Усвојува развојна програма за 4 (четири) години
- Разгледува и усвојува извештај за работата и активностите на Управниот Одбор
- Расправа за постигнатите резултати за развој на Ракометот, за резултатите постигнати на судиите и дава насоки за натамошен развој и активност
- Донесува одлука за престанок на работата на ЗРСМ со 2/3 мнозинство
- Одлучува по жалби и приговори во рамките на ЗРСМ (вонреден правен лек)

- Донесува Деловник за работата на Собранието
- Донесува одлуки, заклучоци и препораки за решавање на прашања кои сево интерес на работата на ЗРСМ
- Дава награди, признанија и пофалници за истакнати членови кои со својата работа допринеле за стручно оспособување и усовршување на членовите на ЗРСМ
- Донесува одлуки за статусни измени во ЗРСМ
- Донесува одлуки за промена на целите и задачите на здружението

**Член 25**

Избор на Претседателот на Собранието на ЗРСМ се врши со тајно гласање.

Собранието може да одлучи со 2/3 мнозинство од вкупниот број на членови на здружението изборот на Претседателот да се врши со јавно гласање.

Усвојувањето (верификацијата) на листата на кандидати за Претседател на ЗРСМ, Собранието го врши со јавно гласање.

**Член 26**

Во случај на евидентна неангажираност на член на У.Одбор на ЗРСМ или ако самиот член поднесе оставка на предлог на Претседателот на Собранието може да разреши неактивен член, а да кооптира нов член на У.Одбор (кооптирање на новиот член мора да биде од судискиот збор во кој членува разрешениот член на У.Одбор).

На првото наредно Собрание така кооптираниот член треба да се верификува од страна на Собранието на ЗРСМ.

**Член 27**

Број на членовите што го сочинуваат Собранието на ЗРСМ го утврдува Собранието на ЗРСМ пред секоја седница на Собранието.

**Член 28**

Собранието на ЗРСМ мора да распише избор за Претседател најдоцна 60 дена пред истекување на неговиот мандат.

Собранието на ЗРСМ распишува избор на останатите тела кои ги избрира најдоцна 60 дена пред истекувањето на нивниот мандат.

Од денот на распишувањето на изборите до денот на одржувањето на изборите не може да помине повеќе од шеесет дена ниту помалку од триеесет дена.

**Член 29**

Собранието на ЗРСМ именува Комисија за спроведување на избори за претставници во органите и телата на ЗРСМ.

**Член 30**

Член на Собранието на ЗРСМ кој задолжително е член на судиски збор кој работи и делува во најблиското место на живеење може да биде отповикан од членството на судискиот збор во кој членува, а има право и да поднесе и оставка.

**Член 31**

Избор и отповикувањена претставник на Собраниет о на ЗРСМ се врши на начин и постапка утврдена со Статутот.

**Член 32**

Мандатот на претставниците во Собранието на ЗРСМ се верификува на првото свикување на Собранието на ЗРСМ.

**Член 33**

Собранието на ЗРСМ се состанува по потреба а најмалку еднаш годишно.

Собранието може да работи ако се присутни повеќе од половината од вкупниот број на членови на Собранието, одлуките на Собранието се донесуваат со мнозинствона гласови од бројот на присутните членови.

**Член 33 а**

Собранието може да биде:

- Редовно
- Вонредно
- Изборно

Редовното Собрание се свикува по потреба а најмалку еднаш годишно, а може и во пократок период ако е предвидено со Статутот на Здружението и него го свикува Претседателот на Здружението.

Изборното Собрание го свикува Претседателот секоја четврта година кога престанува мандатот на членовите и раководството на Собранието.

Вонредното Собрание може да се свика по барање на 1/3 од вкупниот број на членови на здружението.

Вонредното Собрание треба да се одржи во рок од 30 дена од денот кога е поднесено барањето за свикување на Собранието.

**Член 34**

Собранието може да формира постојани и повремени комисии и да го определува нивниот делокруг на работа.

Собранието избрира Стручна комисија во состав од 5 члена со мандат од 4 години.

Собранието ги избира членовите на комисија од редот на членовите на ЗРСМ.

Стручната комисија е надлежна за спроведување проверка на знаењата и проверка на физичката спремност на судиите (лиценца), организирање на семинари, спроведување на испити за добивање категорија, утврдува критериум за напредување на судиите, мониторинг на напредокот на судиите, испраќање предлог листа до Управниот Одбор на ЗРСМ врз основа на мониторингот за напредок на судиите и за сите оние прашања кои се поврзани и произлегуваат од струката.

Стручната комисија за нејзината работа донесува деловник за работа на комисијата кој мора да биде во согласност со надлежностите кои се пропишани во овој статут.

**Член 35**

Собранието има Деловник за работа со кој поблиску се утврдуваат остварувањата на правата и должностите на претставниците и начинот на работење на Собранието.

**Член 35 а**

***ПРЕТСЕДАТЕЛОТ***

- Го претставува и застапува здружението во правниот промет со трети лица
- Ги свикува седниците на Собранието и Управниот Одбор и раководи со нив
- Потписник е на сите акти кои ги донесува Собранието и Управниот Одбор како и целата материјално – финансиска документација
- Врши други работи утврдени со овој Статут и други општи акти на здружението
- За својата работа Претседателот е одговорен пред Собранието и Управниот Одбор на ЗРСМ

***УПРАВЕН ОДБОР***

**Член 36**

Управниот Одбор на ЗРСМ е извршен орган на Собранието во кој секој член има еднакви права и обврски, одговорности за работењето и развојот на ЗРСМ во согласност со Статутот.

Претседателот на Собранието е истовремено и Претседател на Управниот Одбор на ЗРСМ и истиот се избира со тајно гласање, а Собранието може да одлучи изборот да се врши и со јавно гласање.

**Член 37**

Управниот одбор на ЗРСМ брои од 12 (дванаесет) до 15 (петнаесет) членови кои се бираат од редовите на членовите на ЗРСМ.

Составот на членови во Управниот одбор се одредува по принцип на правична застапеност на сите региони од Републиката.

Мандатот на членовите на Управниот Одбор трае 4 (четири) години.

Управниот Одбор по предлог на Претседателот од своите редови со јавно гласање избира Потпретседател на У.Одбор со мандат од 4 (четири) години кој во отсуство на Претседателот го заменува.

Управниот одбор по предлог на Претседателот од своите редови со јавно гласање избира Секретар на Управниот одбор со мандат од 4 години.

**Член 38**

Во надлежност на Управниот Одбор е следното:

- Ги спроведува Статутарните и програмските задачи на ЗРСМ, одлуките и задачите на Собранието на ЗРСМ и РФМ
- Разгледува и донесува годишна програма за работата на ЗРСМ и припрема годишен извештај
- Разгледува и донесува годишна програма за работата на ЗРСМ и припрема годишен финансиски извештај
- Предлага измени и дополнувања на Статутот на ЗРСМ
- Свикува седница на Собранието и ги подготвува материјалите
- Донесува правилници, прифаќа спогодби и склучува договори
- Донесува одлука за формирање на постојани и повремени комисии како помошни тела на У.Одбор и го определува нивниот делокруг за работа
- Организира и учествува во разни форуми и манифестации
- Донесува одлука за доделување на награди и признанија
- Донесува одлуки за набавка и оттуѓување на основни средства и други одлуки
- Донесува Деловник за работа на У.Одбор
- Донесува одлука за висината на членарината на членовите на ЗРСМ
- Донесува одлука за висината на износот на таксата за спроведување на испитот за добивање повисоки категории за судии и лиценца
- Донесува предлог листи на судии пред секоја натпреварувачка сезона за сите ракометни лиги и ги доставува на верификација до стручната комисија на РФМ
- Бира и разрешува членови на комисии на У.Одбор
- Бира и разрешува членови за учество во работата на телата и комисиите на РФМ
- Донесува одлука за депонирање на потписници кај одредени банки
- Донесува и други одлуки што ќе произлезат од тековното работење
- Врши и други работи што му ги доверува Собранието на ЗРСМ во согласност со овој Статут.

**Член 39**

Управниот одбор за својата работа е одговорен пред Собранието на ЗРСМ и тој се состанува по потреба.

Седницита на Управниот одбор ја свикува Претседателот, а во негово отсуство Потпретседателот на Управниот одбор.

Во случај на спреченост на Претседателот и Потпретседателот, а поради итност, Секретарот може да свика седница на Управниот одбор.

Предлог за свикување на Седница на У.Одбор може да поднесе членка на ЗРСМ, членовите на У.Одбор и Надзорниот одбор.

Начинот на свикување на Седница и работењето на У.Одбор се определува со Деловникот за работа на У.Одбор.

**Член 40**

Членови на У.Одбор остваруваат контрола на работењето, користењето и располагањето со средствата на здружението преку органите на управување на начин утврден со овој Статут.

**Член 41**

Заради извршување на статутарните и програмските задачи и одлуките на Собранието и Управниот Одбор, Управниот Одбор формира:

ПОСТОЈАНИ КОМИСИИ:

- Дисциплинска комисија
- Комисија за нормативни акти
- Комисија за делегирање на судии за меѓународни натпревари и турнири
- Комисија за толкување на правилата на ракометната игра
- Здравствена комисија
- Комисија за награди и признанија
- Комисија за финансиски прашања
- Маркетинг комисија

Управниот одбор по потреба може да формира и други повремени комисии и работни тела.

**IX – Надзорен одбор**

**Член 42**

Надзорниот одбор врши надзор и контрола на нормативно-правното работење на ЗРСМ, финансиската документација, на програмите и другите документи од материјална-финансиска природа и за наодите го информира У.Одбор и Собранието на ЗРСМ.

Надзорниот одбор има 3 (три) члена кои ги избира Собранието, членот на Надзорен одбор не може да биде член на Управниот Одбор.

Надзорниот одбор на Здружението на ракометни судии на Македонија решава по жалби и приговори на поединечни и колективни акти и одлуки.

**Член 43**

ЗРСМ престанува да работи:

- Со одлука на Собранието на ЗРСМ донесена од 2/3 мнозинство од вкупниот број на членови
- После долго поминато време од времето предвидено за одржување седница на највисокиот орган а тоа не е одржано
- Во две последователни години неподнесена завршна сметка
- Донесена одлука од надлежен суд
- Стечај
- Спроведена ликвидација
- Доколку бројот на членовитена здружението се намали под број определен за основање.

Во случај на престанок на работата на ЗРСМ подвижниот-неподвижен имот, ствари, права и материјално-финансиски средства се пренесуваат во сопственост на РФМ.

## X – Забрана за работа на ЗРСМ

**Член 44**

Се забранува работата на здружението доколку:

- Доколку неговото дејствување е насочено кон уривање на Уставниот поредок на Р.Македонија
- Поттикнување и повикување на воена агресија и разгорување на национална, верска, расна омраза или општа нетрпеливост
- Активности поврзани со тероризам
- Превземање на активности кои се во спротивност со Уставот на Р.Македонија
- Повреда на правата и слободите на други лица

## XI – Статусни измени

**Член 45**

Под статусни измени се подразбира присоединување, спојување и поделба на здружението врз основа на одлука донесена во согласност со Статутот и Законот.

Одлуката за статусни измени ги донесува Собранието на Здружението со 2/3 мнозинство.

Статусните измени произведуваат пренос на права и обврски од едно на ново здружение со цел одговорност за превземените обврски.

**XII – Ликвидација**

**Член 46**

Ликвидацијата на здружението се спроведува кога здружението има доволно финансиски средства за покривање на сите обврски, а е донесена одлука за престанок на постоење на здружението од органот предвиден со Статут.

Постапката за ликвидација е итна.

По спроведената ликвидација со средствата што остануваат по намирување на обврските ликвидаторот постапува во согласност со Законот и Статутот на Здружението.

**XIII – Преодни и Завршни одредби**

**Член 47**

Право на толкување на овој Статут има Собранието на ЗРСМ, а помеѓу две седници на Собранието на ЗРСМ, толкување дава Управниот Одбор на ЗРСМ.

**Член 48**

Измени и дополнувања на овој Статут се вршат на начин и постапка како и за неговото донесување.

**Член 49**

Со донесување на измените и дополнувањата на Статутот на ЗРСМ од 6 октомври 2024 година во Кавадарци престанува да важи Статутот со неговите измени и дополнувања од април 2019 година.

6 октомври 2024 година
Кавадарци, Македонија

Претседател на ЗРСМ
Ѓорги Начевски

____________________